*Константин Петров*

# ДВА СРЕДНОВЕКОВНИ ФИГУРАЛНИ РЕЉЕФИ ОД МАКЕДОНИЈА

(*Трет извадок од докторската дисертација „Декоративна пластика во Македонија од XI до XIV век*")*)

Меѓу познатата пластика што ги краси македонските споменици нема претстави на човечки фигури. Се разбира, ако не се зема предвид сосема оштетената светечка фигура дополу раст, сред фризот над северната врата во св. Софија во Охрид и главите од олтарната преграда во св. Атанасиј во Лешок[1]). И токму заради, речиси, апсолутното отсуство на фигурални претстави во пластиката на македонските споменици добиваат уште поголемо значење двете откриени скулптирани плочи со фигурална пластика. Тие се најдени на две оддалечени места, стилски и временски се раздвоени а секако може да се претпостави дека имале и различна намена, но и покрај тоа се претставени заедно во овој извадок. Разлогот за нивното заедничко прикажување е во истоветниот карактер на единствена досега откриена фигурална пластика во Македонија.

## *Иконката на св. Јован Теолог од Демир Капија*

Првата плоча, иконката на св. Јован Теолог[2]), е откриена 1952 година при археолошките ископувања кај Демир Капија, на секторот „Манастир"[3]). Иконката, сл. 1, е изработена од мек камен со темно-

---

*) Одбранета 1958 година. Овде се внесени и некои нови податоци.

[1]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XI и XII век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1962, сл. 2 стр. 3/127; К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1963 сл. 31-48, стр. 44-56.

[2]) Меѓу имињата: апостол Јован, св. Јован Богослов, св. Јован Евангелист и св. Јован Теолог, го одбрав ова последново име заради еднаквоста со натписот на иконката.

[3]) Иконката и припаѓа на збирката на Археолошкиот музеј во Скопје и своевремено ја обработив со материјата на средновековата пластика. Н. Петровић, Демир Капија — архитектонски налази на сектору „Манастир", Старинар XII/1961, Београд 1961, ја споменува плочката со рељеф а деловите од зградата, гробните наоди и монетите ги датира во X—XII век.

сива и тука-таму зеленикава боја[4]). На иконката секаде еднакво дебела по 8 mm. со зарамнети правоаголни димензии 68 × 55 mm., е скулптирана дополу раст фигурата на светецот, во рељеф висок 9 mm. Натписот ⓸ Γ́ ΙΩ̄Ι Ὁ ΘΕΟΛΟΓ) 'Ο "Αγι(ο)ς 'Ιω(άνν)η(ς) ὁ θεόλογ(ο)ς е инцизиран 0,5 mm. плитко одстрани од светечкиот ореол. Иконката, речиси, во потполност е зачувана, осем дел од диплата на светечката облека и мали одлушнувања тука-таму.



Сл. 1 — Икона со попрсје на св. Јован Теолог.

Изобразениот во рељеф св. Јован Теолог е облечен во широк, многу надиплен химатион, чиј еден подвиткан крај го држи на левата рака. На градите под химатионот се назираат малите дипли на хитонот од видливо потенка материја. Во рацете држи книга со разделени листови. Ликот претставува старец во напредната возраст со сосема малку коса на тилот, со набрано високо чело, со густа брада, јак нос и големи очи. Несомнено дека скулптурот сакал да го претстави св. Јован Теолог вонредно стар, изгледа во последните години од неговиот

[4]) Тоа е по состав хлоритски шкрилец со незнатна примеса на кварц. Темната патина кегде-годе доаѓа од хидроксид.

живот, можеби со книгата на Откровението или со книгата на Четвртото евангелие[5]).

Светечкиот лик на рељефот е вонредно реалистичен. Тоа се сеќава не само во природната статура на светецот ами и во пропорциите меѓу телото, главата и рацете. Тоа е евидентно и во наведените плеќи за да се приклони главата кон книгата во став на читање а и во успешната интерпретација на природното држење на книгата со рацете. Дури и оние детали како на пример четирите брчки на челото, под очите и на лицето, би требало повеќе да бидат сметани за дополнителни детали на една реалистична претстава на старец, отколку за израз на натуралистичко уточнување. Скулпторот постигнал репрезентативна претстава не само ставајќи го светецот во средината на просторот, во моментот на неговата врвна интелектуална активност, ами и со изборот на тричетвртинска поза.



Сл. 2 — Иконка со попрсје на св. Јован Теолог, изглед од страни.

Рељефот е пропорционално многу висок, и некои делови како главата и рацете излегуваат волуминозно надвор од фонот, сл. 2. Пластичноста на челото, косата, брадата, десното рамо со лактот и дланките е заоблено моделирана, додека се според рељефните планови диплите од хима-

[5]) Откр. Јованово, 1—9, 10, 11, XXII—8. Се наведува дека св. Јован Теолог ја напишал Апокалипсата во прогонство на остров Патмос, Споради — Додеканези. Според L. Réau, L'iconographie de l'art chretien, Paris 1956, III G-O, p. 716, во византиските минијатури св. Јован Теолог е претставен како исправен ја крева главата кон божјата рака која го осветлува со зраци, додека неговиот ученик, дијаконот Прохор, ги одбележува неговите визии на еден свиток од Откровението. Меѓутоа L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, на друго место вели дека според современата критика Апокалипсата не можела да биде од ист автор како и Четвртото евангелие, и дека ни едното ни другото не биле творби на св. Јован Теолог. Апокалипсата му била припишана на неговиот истоименик презвитерот Јован, којшто ја редигирал меѓу 90 и 125 година.

тионот на градите, подвитканиот крај на левата рака и ореолот, плитки и ниско скулптирани. Сите делови од рељефот се работени основно во техники на екскавирање и цизелирање со мало доработување на површини и детали. Потезите на линиите, какви што има доста по лицето, косата, брадата и облеката се сериозно одмерени и простудирани, изведени секако според обмислен цртеж.

Меѓу другите одлики треба да се сврти внимание и на воспоставената дистинкција на материјата и покрај малите димензии на рељефот. Така на пример, дебелата ткаенина од химатионот се дипли со поинакви набори од тенката ткаенина на хитонот. Површината на книгата се разликува од волуминозноста на живото ткиво на лицето и рацете. Линиите по косата и брадата се дистингвирани од оние на лицето. Има потреба да биде одбележано уште и конвенционалното дотерување на извесни места: кај ноктите на левата рака и на инцизираните листови на книгата.

При иконографската споредба можеше да се констатира дека светецот е вонредно ретко претставен во ваква возраст како на иконката. Ова заслужува да се разгледа со внимание и да му се оддели одвоено место. Имено, L. Réau предложува претпоставка дека во иконографијата на св. Јован Теолог се одделуваат два многу различни типа: на Запад тој бил воопшто претставуван млад и голобрад, додека во византиската уметност се појавувал со физиономија на ќелав старец со бела брада[6]).

Нешто поприфатливо мислење за овој проблем има H. Detzel, којшто смета дека св. Јован Теолог бил прикажан во старите претстави на византиската уметност возрастен и со долга бела брада, како што бил прикажуван и во поранешната западна уметност во својство на евангелист. Подоцна бил св. Јован Теолог прикажуван во западната уметност и во својство на апостол и во својство на евангелист секогаш млад и голобрад[7]).

Работејќи врз компонентите на овој проблем, особено врз иконографските особености на ликот на св. Јован Теолог, наидов на примери коишто недвосмислено наведуваат на потреба со голема резерва да се прими тврдењето на L. Réau, кое тој го поврзува и со мислењето на J. Ficker[8]). Отсега одвај дека ќе може да се задржи претпоставката на L. Réau и J. Ficker дека постојат само два иконографски типа на св. Јован Теолог, од кои еден млад и голобрад, а друг ќелав старец со бела брада, затоа што постојат бројни рељефи на светецот од 30, 40, 50, 60

---

[6]) Иконографскиот лик на старец можеби е во врска со текстот од Четвртото евангелие (XXI—22), каде што Христос рекол за св. Јован Теолог: „Ако сакам тој да остане додека да дојдам...", и оттука верувањето дека св. Јован Теолог не само што доживеал длабока старост, ами и дека ја избегнал смртта (Јован, XXI—23). L. Réau, o. c., III G—O, p. 709, 710, наведува дека во XXV-то пеење од Рајот Данте поставил еден деманти на оваа легенда од самиот апостол којшто изјавил дека телесното вознесување било зачувано само за Христос и Богородица.

[7]) H. Detzel, Christliche Ikonographie, Freiburg im B-gau 1894, II, 143, 145.

[8]) J. Ficker, Die Darstellung der Apostel in der altchristlichen Kunst, Leipzig 1887.

или 90 години, односно, речиси, во сите возрасти, а тоа ќе рече и во најразлични иконографски типови. Ова може да значи само едно: не постојат само речените два иконографски типа според возраста, ами и повеќе иконографски типови, или инаку не постојат строго определени иконографски типови за светецот.

За објаснување ќе се укаже само на неколку од бројните примери каде што е св. Јован Теолог претставен на релјефи во разни возрасти. На возраст од триесетина години е претставен св. Јован Теолог како апостол на распјатието од Kaiser-Friedrich Museum, од почетокот на IX век[9]) .На филдишниот релјеф од 900-та година од Cividale, св. Јован Теолог како апостол во композицијата распнување е претставен млад на триесетина години[10]). Речиси исто толку млад е претставен св. Јован Теолог како апостол под распјатието од Каролиншкиот филдиш, од почетокот на XI век[11]). Но веќе на предниот фриз од столот на Максимијан од VI век, св. Јован Теолог е претставен на четириесетгодишна возраст[12]). На филдишниот триптихон од Habarville, од X век, св. Јован Теолог како евангелист е претставен на 50—60 годишен возраст[13]). На околу 60 годишна возраст е претставен св. Јован Теолог на дел од филдишниот триптихон од Palazzo Ducale во Венеција од XI век [14]). Затоа меѓу вонредно ретки треба да се смета оваа претстава на иконката каде што е св. Јован Теолог изобразен на 90 или 100 годишна возраст.

Инаку бездруго може да се уочи дека ликот на св. Јован Теолог на иконката има стварна блискост со неговиот иконографски лик изобразен на некои рељефи и тоа изгледа доста рано. Св. Јован Теолог што е претставен во VI век на Максимијановиот стол веќе ги носи индивидуалните црти на неговиот лик: силен нос, јако чело и големи очи. Истите овие одлики од неговата физиономија ги има и ликот на филдишната плоча од Cividale од 900-та година. А и на 50—60 години, како што е претставен на триптихонот од Habarville, може да се препознае св. Јован Теолог според истите одлики на ликот.

Во Македонија постои и друг еден релјеф на св. Јован Теолог изведен на металниот опков на икона со техника на ишчукување. Макар што е од подоцно време, тој има некои допирни односи со релјефот од иконката. Металниот релјеф се наоѓа на големата икона Христос Душеспасител од XIV век од св. Климент во Охрид[15]), изведен во правоаголен

---

[9]) W. Woge, Beschreibung der Bildwerke der christliche Epochen, Die Elfenbeinbildwerke, Katalog d. Kaiserliche Museum zu Berlin 1900, pl. 12, f. 39.

[10]) G. Stuhlfaut, Die altchristliche Elfenbeinplastik, Arch. Stud., III, Freiburg—Leipzig 1896, p. 163.

[11]) M. Laurent, W. van der Pluym, Les chefs-d'oeuvre de la sculpture et de l'architecture, Paris s. a., p. 76 f.

[12]) C. Cecchelli, Il tesoro del Laterano, D. VII, R, 1926, La Catedra di Massimiano.

[13]) M. Laurent, W. v. d. Pluym, o. c., p. 75 f.

[14]) Ch. Diehl, Manuel d'art byzantin, Paris 1925, I, 324.

[15]) Ὁ Χριστὸς Ψυχοσώστης Н. П. Кондаковъ, Македонія, Археологическое путешествіе, С. Петербургъ 1909; B. Filow, L'ancien Art Bulgare, Paris 1922, p. 75; M. Kašanin ,L'art Yougoslave, Beograd 1939, f. 36; Р. Љубинковић, Уметнички окови на неким иконама ризнице св. Климента у Охриду, Југославија, Београд 1952, стр. 29; W. F. Liebenfels, Geschichte der Byzantinischen Ikonenmalerei, Lausanne 1956, p. 78.

медаљон лево од главата на Христос. Фигурата од опковот има доста сличности со фигурата од иконката и според тричетвртинскиот став на светецот и според надиплениот химатион, чиј крај го држи светецот подвиткан во левата рака, додека под химатионот се наѕира и хитонот. И на опковот,како и на иконката, св. Јован Теолог држи отворена книга. Иако ликот на светецот кај овој опков не е сосема еднаков со ликот од камената иконка, блискоста на формите кај очите, носот и челото е евидентна. Св. Јован Теолог е претставен на опковот на 60 годишна возраст. За одбележување е дека според временската разлика абревиациите и лигатурите на опковот имаат поинаков карактер отколку кај камената иконка[16]).

При ваквата иконографска анализа е токму местото да се сврти вниманието на книгата во рацете на св. Јован Теолог, како негов атрибут. Имено, извесни автори посветувајќи му доста внимание на прашањето на атрибутите на св. Јован Теолог, наведуваат дека неговите најчести и најкарактеристични атрибути се ореолот, чашата со отров, котелот со врело масло и палма од рајот[17]).

По сето ова се отвораат неколку проблеми чии одговори би биле од важност за одредувањето правото место на иконката во хронолошка смисла, потоа во однос на нејзината провениенција и во однос на нејзината намена, нејзин нарачувач и место во зградата.

За посредно компарирано датирање на иконката можностите се намалени бидејќи во зградата и околу се откриени ретки други предмети што би спомогнале за хронолошкото одредување. Затоа иконката останува важен извор за утврдување на нејзината хронологија и за давање одговори на другите важни прашања сврзани со неа.

---

[16]) Текстот е инцизиран во две минијатурни плакети лево и десно од главата на светецот



[17]) Според H. Detzel, o. c., II, S. 144 и според L. Réau, o. c., III G-O, p. 712, атрибутите на светецот се поврзани со легенди од неговото житие и со неговото мачеништво. Како автор на Апокалипсата св. Јован Теолог има за атрибут еден орел, што стои на наслонот од столот, или што со својот клун му дава еден ракопис. Во Каролиншките минијатури понекогаш и самиот светец е претставен со орелска глава — aetocephale. Во циклусите на апостолите тој има за амблем чаша од којашто излегува, наместо отров, нечестивиот изгонет со знак на крст, во облик на мал змев — со една или повеќе глави. Атрибутот купа со отров, што се појавува доцна во XIII век се интерпретира доста ретко во италијанското сликарство, каде што е заменето со книга. Според наводите на Псеудо Исидор од Севиља купата за отров има често облик на калеж и наместо змев на калежот се претставува хостија, затоа што се беа обиделе да го отрујат св. Јован Теолог со еден калеж за причесна. Котелот со врело масло потсеќа на неговото мачење на Porta Latina. Палмата што ја држи св. Јован Теолог не е палма на маченик, ами онаа што еден ангел ја донесол од рајот и му ја дал на св. Јован Теолог да ја носи пред смртниот одар на Богородица, за да ги одбие демоните. Инаку има и претстави на св. Јован Теолог со книга, како во мозаикот од San Vitale во Равена, од 547 година, или на триптихонот од Абарвил.

Не може да се смета дека самата иконка има бројни евидентни одлики што би ја датирале со поголема точност. Постојат само стилски и инскрипциони индикации од релативно значење. Првата индикација е античното облекло на св. Јован Теолог, што заедно со грчкиот натпис највеќе укажува на периодот на уметничката преродба во византиската уметност во X, XI и XII век, за кое време Ch. Diehl, констатира влијание на античните елементи во уметноста[18]).

Втората и поважна и посигурна индикација е начинот на абревирањето на зборот 'Ο ''Αγιος со . Овој начин на абревирање е употребен во X век на еден релјеф во Атинскиот музеј[19]). На веќе споменатиот триптихон од Habarville, од X век, овој начин на абревирање е употребен 18 пати, колку што има светечки фигури на триптихонот.

На бројни бронзени и филдишни плочи, во мозаици и минијатури, на емајли и сребро, овој начин на скратување е употребуван особено во XI век[20]). Меѓу примерите од овој броен материјал абревијациите од таков карактер се на бронзената плоча од Британскиот музеј, на филдишниот триптихон од Kaiser-Friedrich Museum, потоа во мозаиците во св. Лука во Фокида и на минијатурите од псалтирот во Британскиот музеј[21]). Такви абревијации на предмети од XI век има, натаму, на емајлираните медаљони од Будимпештанскиот музеј, на еден капак од сребрен реликвијар од Халберштат, потоа на путирот со емајли и бисери од трезорот на San Marco во Венеција и на една минијатура во Британскиот музеј[22]). На капакот со емајли и геми од Biblioteca Marciana во Венеција абревијацијата  е повторена 12 пати, колку што има светечки ликови[23]). И три светци од мозаиците од св. Софија Киевска од XI век имаат такви абревијации[24]). За одбележување е дека на едното крило од триптихонот од XI век, што е во музејот на Palazzo Ducale во Венеција, е претставен св. Јован Теолог не само со истоветна абревијација  во текстот, ами и зборот Ο ΘΕΟΛΟΓ, завршува со иста абревијација за ΟS

[18]) Ch. Diehl, o. c., p. 409. Се има впечаток дека ваквата облека на св. Јован Теолог е иконографска неменливост за сите периоди, бидејќи се среќава веќе од VI век. Така H. Detzel, o. c., II, S. 143, наведува дека во мозаиците од VI век св. Јован Теолог е прикажан со pallium и tunica и евангелие пред градите. Фактот дека и во XIV век може да се сретне антицизирање во облеката, како што е споменатиот пример на иконата Христос Душеспасител од св. Климент во Охрид, од XIV век, зборува дека во византиската провинција можат да се најдат и ретардирани антицизирани интерпретации, како одраз на столнинската креативност од X, XI и XII век.

[19]) G. Sotiriu, Guide du Musée d'Athènes, At. 1932, f. 22, p. 48.

[20]) Таму каде што изискувал материјалот и техниката на изработувањето, како на пример на емајли, ставено е во XI век наместо  нешто поупростено . (Според O. M. Dalton, Byzantin art and archeology, Oxford 1911, f. 314).

[21]) O. M. Dalton, o. c., f. 93, 140, 252, 291; L. Bréhier, L'art byzantin, Paris 1924, f. 79; Ch. Diehl, o. c., f. 252.

[22]) O. M. Dalton, o. c., f. 312, 338, 340, 429.

[23]) Ibidem, f. 308.

[24]) F. Halle, Alt-russische Kunst, Berlin s. a., f. 3, 4.

како на иконката[25]). Во живописот од XI век од дијакониконот на св. Софија во Охрид има истоветна абревијација крај ликот на светецот исповедник[26]).

Во XII век овој начин на скратување продолжува да се употребува но веќе доста ретко. Примери има на металниот триптихон од Викторија и Алберт музеј, потоа на една камеја од Британскиот музеј, на една филдишна плоча од Викторија и Алберт музеј и во мозаиците во Марторана во Палермо[27]).

Врз основа на ова наспоредување може да се констатира дека абревијацијата (Α) се употребува на различни материјали и во разновидни изведувачки техники. Но секако дека е далеку поважна констатацијата дека е абревијацијата (Α) често интерпретирана како светечка сигнатура во периодот на X, XI и XII век, со евидентно силна распространетост во XI век. Поради тоа а и заради фактот дека ваквото скратување на зборот Ὁ Ἅγιος, речиси, не се среќава во времето пред X и по XII век[28]), сметам дека е најблиска претпоставката за датирање на иконката во XI век, со можни отстапувања од X до XII век.

Ваквото датирање во XI век може да најде свои основи и меѓу резултатите од археолошките истражувања во Демир Капија[29]). Такуѓере

---

[25]) Ch. Diehl, o. c., f. 324.

[26]) Покрај абревиацијата (Α) има и цели зборови Ο ΑΓΙΟϹ.

[27]) O. M. Dalton, o. c., f. 354, 390, 142, 238.

[28]) Во времето од VI до IX век не се среќава ваква абревијација. (Иако постои слична абревиација на еден реликвијарен крст — O. M. Dalton o. c. f. 397 — тој не може да се земе во обзир затоа што не е датиран. Некои од реликвијарните крстови од ваквиот тип без абревијации се поставени хронолошки во VI или VII век, но некои и во подоцнешниот период на византиската уметност (O. M. Dalton, o. c., p. 623). Во живописот на Курбиново од XII век се употребува цел збор Ο ΑΓΙΟϹ. Во Нерези во живописот од XII век се употребува осем целиот збор Ο ΑΓΙΟϹ уште и скратеницата Ο Α̅. Во црквата на манастирот св. Никола во Мариово (според Д. Коцо и П. Миљковиќ, Манастир, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1958, сл. 109, 110, Т. XXV) има во живописот од XIII век скратување (ΑΓ) и Ο ΑΓ а има и цели зборови Ο ΑΓΙΟϹ. Во периодот подоцна од XIII век нема абревијации (Α). Така на пример, во живописот во св. Павле на Атос, од XV век, има абревијација Ο ΑΓ (Ch. Diehl, o. c., f. 417), додека во XVI век во живописот во манастирите Ксенофон и Лавра на Атос има абревијација Ο ΑΓ (Ch. Diehl., o. c., f. 420, 423).

[29]) Во Демир Капија е откриена рановизантиска базилика со констатирани поправувања во средните векови. Ископувањата што ги следев во 1953 година утврдија, натаму, мноштво средновековни гробови околу базиликата, што несомнено сведочи дека во непосредната близина извесно постоела средновековна населба.

и меѓу историските податоци има потврда за ваквото датирање во XI век: Просек (τὸν Πρόσακον), денешна Демир Капија, во грамотата на Василиј II од 1019 година, е споменат како место што му припаѓало на поседот на мегленскиот епископ и од каде што тој имал право на клирици и парици[30]). Според ова е извесно дека во Демир Капија во XI век, и можеби нешто порано и подоцна, имало населба.

Меѓутоа, при разгледувањето на сите компоненти содржани во иконката и важни за нејзината хронологија, сметам дека е неопходно да се сврти одделно внимание на стилската интерпретација на деталите на релльфот. Имено, во рељефот нема ни трага од линеаризмот што е својствен на стилот на сликарството на XI-XII век; повеќето од деловите се, напротив, многу пластични, моделирани и заоблени. И бидејќи оваа заобленост во моделирањето не може да се вкатегоризира во стилот на линеаризмот од периодот на XI век, останува да се претпоставаат три варијанти. Најнапред дека ова заоблено моделирање би можело да му припаѓа на периодот околу XI век, ако се претпостави дека скулпторот не држел до особена врска со линеаризмот од живописот. Потоа, ако пластиката во овој период стилски контактирала со линеаризмот во живописот може да се претпостави дека оваа иконка прави исклучок од таквиот општ контакт, и сепак му припаѓа на периодот на околу XI век. И на крајот, бидејќи вакво заоблено моделирање може да се сретне во живописот во XIII—XIV век, треба да се смета и на алтернатива за датирање на иконката во XIII—XIV век.

При евидентната противположност на аргументите, кога едните и другите претпоставки не можат да бидат сведени во заедничка категорија, неопходно е сите можности да бидат сериозно расмотрени и да се издвои важноста на секоја варијанта. Имено, судејќи според порано укажаната антицизирана облека и абревијацијата , може да се претпостави дека иконката му припаѓала на периодот на X—XII век. Отсуството на линеаризмот и присутното заоблено моделирање укажуваат дека не треба да биде сосема исклучена можноста иконката да биде и од подоцен период, можеби од XIII—XIV век, иако во овој период нема податоци за постоење на населбата во Демир Капија, а и грчкиот натпис во XIV век, во словенска држава со словенска писменост, е прашање за расмотрување.

Во натамошното истражување одговори на другите прашања секако би било од значење кога би можело да се открие да ли оваа иконка е работена во домашна работилница од местен мајстор, или треба да се смета за импортирана. Несомнено дека недостигаат бројни податоци и индикации што, со своето присуство при откривањето, би спомогнале да се поткрепи со повеќе или помалку основа една претпоставка за провениенцијата на иконката. Но иако не постојат овие барани околности за олеснето заклучување, сепак е можно да се оствари извесно проучување засновано врз познавањето на раширеноста на култот и патронатот на св. Јован Теолог.

---

[30]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, стр. 551.

Изгледа дека не ќе има потврден одговор на прашањето за раширеноста на култот во Македонија, бидејќи е позната само црквата св. Јован Богослов од Охрид, од XIV век. Во која мерка, пак, во останатите неколку други цркви во Македонија, посветени на св. Јован Крстител се почитувал и култот на св. Јован Теолог останува отворено прашање. Но со доста сигурност се знае дека во сите цркви во Македонија, во групните сцени на Христос со апостолите, е претставен и св. Јован Теолог како апостол, и секако дека во такво својство бил претставен и на икони. Бројноста на спомениците не е голема ни во земјите околу Источен Медитеран. Во Грција на остров Патмос е основан 1088 година манастирот на св. Јован Теолог од монахот Христодул[31]). Натаму се наведува дека мартириумот на св. Трифун во Цариград се наоѓал во рамките на црквата на св. Јован Теолог[32]).

Очигледно е, според ова, дека иако во средновековна Македонија нема бројни цркви посветени на св. Јован Теолог, сепак постои заснован култ кој што е секако поборојно манифестиран во живопис и икони. Овој податок може да се однесува пред сè за поширокиот период на средните векови, но каква е вистинската состојба на култот на св. Јован Теолог во XI век во Македонија не е познато, бидејќи нема податоци и не може да се најде прифатлив одговор. Инаку раширеноста на култот на св. Јован Теолог и во западните земји во средните векови е горе-долу слична како во земјите околу Источниот Медитеран[33]).

За утврдувањето на провениенцијата на иконката би можело многу да придонесе, понатаму, познавањето на патронатот на св. Јован Теолог. Кон ова би можел да се направи и обид за расветлување на прашањето: кој можел да биде нарачувач, односно подарувач на иконката, и во каква сврха е подарена иконката.

Според L. Réau патронатот на св. Јован Теолог во западните земји и западната црква се темели врз неколкуте легенди од неговото

---

[31]) L. Bréhier, o. c., p. 195; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, вели дека околу Источниот Медитеран култот на св. Јован Теолог бил познат во Ефес каде што умрел и на Патмос каде што бил изгонет. На Патмос се покажувала пештерата каде што св. Јован Теолог ги имал своите визии и каде што ја напишал Апокалипсата, потоа еден издлабен камен што му служел како перница и стената од каде што го имал стрмоглавено во морето лажниот свештеник Кинопс.

[32]) Н. Кондаковъ, Византийскіе церкви и памятники Константинополя, Одесса 1886, 43; J. Ebersolt, Sanctuaires de Byzance, Paris 1921, 84; n. 4. C. Mango, Le Diipion, Etude historique et topographique, Revue des Etudes byzantines VIII, 1950, Paris 1951, 152—161; R. Janin, La géographie ecclésiastique de l'empire byzantin, I, t. III — Les églises et les monasteres, Paris 1953, 506; J. Максимовић, Которски цибориум из XIV века и камена пластика суседних области, САН, Посебна издања, књ. 345, Београд 1961.

[33]) L. Réau, o. c., III G-O, p. 710. Во Рим е подигната на местото на мачењето на св. Јован Теолог, кај Porta Latina, ораторија San Giovanni in Oleo и базиликата San Giovanni in Laterano. Во Болоња е црквата San Giovanni in Monte, во Пистоја е San Giovanni Evangelista, а нему му се посветени и цркви во Forcivita, во Парма и Равена. Во Франција нему му е посветена катедралата во Besançon, во Шпанија црквата San Juan de los Reyes во Толедо, во Германија катедралата во Магдебург и во Холандија црквата во Bois-le-Duc.

житие[34]), што се сметани за чудеса или пак што имаат карактер на негова главна животна активност. Претпоставениот автор на Четвртото евангелие и на Апокалипсата св. Јован Теолог станал патрон на теолозите и воопшто на писателите[35]). Св. Јован Теолог станал и патрон на сукнарите и пеглачите, на оружарите, на свеќарите, на масларите и сопствениците на мелници за масло, потоа на книжарите, на книговрзачите и на производителите и трговците на хартија[36]). Св. Јован Теолог станал

---

[34]) Житието на св. Јован Теолог ги има овие главни компоненти (според H. Detzel, o. c., II, S. 142—148; L. Réau, o. c., III G-O, p. 709; Х. Поповъ, Жития на светиите, София 1930, стр. 63—71; Љ. Богичевић, Осамдесет свечарских дана, Београд 1936, стр. 92—93; Enciclopedia Italiana, XVII, Giovanni, 236—238; Larousse du XX e siècle, IV, 164, Jean). Апостол Јован од Бетсаида во Галилеа, син на Салома и Заведеј, бил рибар на Генисаретското езеро. Откако ги беше слушал проповедите на св. Јован Крстител му пристапил на Христос, кога и неговиот брат Јаков, и му станал на Христос најсаканиот ученик. Подоцна Христос од крстот му доверил да се грижи за неговата мајка. Св. Јован Теолог проповедувал во Мала Азија и Самарија во Палестина. Околу 50—51 година се смета дека присуствувал на концилот во Ерусалим. Во време на јудеоримската војна, околу 70-тите години, се настанил во Ефес. Заради проповедувањето бил повикан во Рим на оправдување, токму во времето на прогонувањата на христијаните од императорот Domitian (51—96). Според картагинскиот правник и црквен писател Tertullianus (Quinctus Septimius Florens, 160—240) бил осуден на мачење и нурнат во котел со зовриено масло, од кој што излегол жив и здрав. Обвинет заради ова за магија св. Јован Теолог бил изгонет на Патмос, еден остров од Споради—Додеканези. Таму тој ја напишал Апокалипсата. По смртта на Domitian, во времето на императорот Нерва, му било дозволено да се врати во Ефес. Таму св. Јован Теолог отпочнал расправа со големиот свештеник на Дијаниниот храм Аристодем, којшто за да ја постави на врвно искушение неговата вера му дал да испие една купа вонредно јак отров. Но св. Јован Теолог направил знак на крст и ја испил содржината без да почувствува нешто лошо (според L. Réau, o. c., III G-O, p. 717, 718). Овој момент се објаснува (според L. Réau, o. c., III G-O, p. 718) со ветениот од Христос на апостолите имунитет против отров за да можат да ја исполнат евангелската мисија: „Si mortiferum quid biberint, non eis nocebit", Марко, XVI—18. Потоа св. Јован Теолог со своите молитви го разрушил Дијаниниот храм во Ефес. Во Ефес св. Јован Теолог на возраст од 90 години, ја напишал книгата на Четвртото евангелие. Св. Јован Теолог умрел во Ефес, во времето на императорот Трајан, на возраст од околу 98—100 години.

[35]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[36]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711. Овие бројни и и разновидни патронати се објаснуваат во најголемиот дел, речиси, со маченилитвото на св. Јован Теолог на Porta Latina, заради котелот во кој бил нурнат, што инаку е суштествен алат на овие различни занаети. Така на пример сукнарите и пеглачите работат со зовриени котли, а оружарите се делумно изложени на оган. L. Réau, o.c., III G-O, p. 710, 711, наведува дека еден витрај на св. Јован Евангелист во катедралата во Chartres бил подарен од оружарите. Св. Јован Теолог им е патрон на свеќарите заради вриењето на лој во казани, а на масларите и на сопствениците на мелници за масло им е патрон заради маслото во коешто бил нурнат. На хартијарите св. Јован Теолог им станал патрон затоа што ги мешаат составните делови за правење хартија во казан, а на книговрзачите затоа што се служат со танирани кожи од дрвени котли. Овде е нужно да се додаде дека за XI век во Македонија не доаѓа во обзир патронатот над произведувањето на хартија, но е возможен патронатот над трговци со хартија. V. Novak (Latinska Paleografija, Beograd 1952, стр. 70, 71) наведува дека се наречувала χάρται βαμβύκιναι хартија од Βαμβύκη кај Самарканд а од X век имало и charta Damascena. Според ова не е невозможно таква хартија да била продавана во XI век во Византија и во Македонија.

патрон на кописти на ракописи и на гравери во бакар[37]). Св. Јован Теолог станал заштитник и излекувач од опекотини и изгорување[38]) потоа Virginis custos, заштитник на девици и вдовици[39]), и заштитник од отров и копротектор на фармациите[40]), а бил почитуван и од алхемичарите[41]).

Меѓутоа, патронатот на св. Јован Теолог во источната црква во XI век, како и за зрелиот среден век и за турскиот период е непознат[42]). Возможно е само да се претпостави дека вотаторот на оваа иконка[43]) можел да биде некој од занаетчиите што го почитувал култот на св. Јован Теолог, како и оние од западната црква.

Покрај разјаснувањето на култот и патронатот корисно е да се сврти вниманието и на димензиите на иконката, на квалитетот на материјалот и на некои стилски околности, та и од друг аспект донекаде да биде расмотрено прашањето на провениенцијата на иконката, иако не

---

[37]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711. Патрон на копистите и граверите станал св. Јован Теолог можеби затоа што е често претставуван во моментот на пишувањето на Апокалипсата придружен од орел на чиј врат е обесена мастилница (метална).

[38]) Заради горењето во казан со врело масло св. Јован Теолог станал заштитник од опекотини и изгорувања. L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711, наведува дека селаните од диоцезата Chartres уште оделе на ходочастење во Fretigny за да се молат на св. Јован Теолог за излекување од мозолки.

[39]) Св. Јован Теолог станал заштитник на девици и вдовици затоа што Христос од крстот му ја доверил грижата за мајка му Марија. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[40]) Затоа што не му навредила ништо купата со отров што беше ја испил, св. Јован Теолог станал заштитник од труење. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 711, наведува дека се наречувало „vin de saint Jean" или „Johanesminne" едно светотајство што заштитувало против отров и воопшто против труење од храна. Заради тоа понекогаш св. Јован Теолог бил претставен на фасадите или во витрините на фармациите заедно со Ескулап. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[41]) Св. Јован Теолог е почитуван од алхемичарите, како трагач по каменот на мудроста, заради едно од неговите чуда: претворувањето на трска во злато и песочинки во бесцени камења. За одбележување е, на крајот, дека св. Јован Теолог станал патрон на една дејност и поради еден јазичен неспоразум. Имено, во Франција името Porte Latine, изговорено како „porte la tine" што значело „носи крбло (за грозје или со грозје)", станало основ за патронат на св. Јован Теолог на лозјарите од Bourgogne, а отука и за патронат на бочватите и качарите. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[42]) Низ истражувањата за утврдување на патронатите на св. Јован Теолог во ортодоксната религиозна област, што ги извршив во архивите и низ документите на некои научни установи и по пат на анкетирање на занаетчии и други можев да го констатирам следново. Не постојат извори со автентични податоци за раширената разновидност на патронатот на св. Јован Теолог во Византија и во Македонија за периодот од XI до XIV век. Понатаму, извесни занаети патронирани од св. Јован Теолог на Запад се појавиле дури во XV век, а во Македонија не постоеле во периодот на XI до XIV век ниту во раниот турски период, та треба да бидат елиминирани од изборот. За одбележување е, натаму, дека еден број занаети патронирани во средните векови на Запад од св. Јован Теолог постепено исчезнувале во Македонија кон крајот на XIX и првата половина на XX век. Исто така еден број занаети што се на Запад патронирани од св. Јован Теолог имаат во Македонија други патрони. На овој начин во осетно намалениот број на занаетите би било тешко да се издвои со поголема веројатност точната претпоставка за вотаторот на иконката.

[43]) Би можело да се претпостави дека тој што ја нарачал или ја подарил иконката имал побуда на благодарност кон св. Јован Теолог како кон патрон за успешно обавена работа или за успех во идна работа или за успешно лекување. Познато е добро дека во црквите се до XIX век, па и до почетокот на XX век, имало многу вотивни икони,

и решено. Познато е, имено, дека во повеќе музејски збирки има приличен број византиски икони на стеатит, серпентин, хелиотроп, јаспис и други постојани и благородни материјали, како што во времето на последниот период во византиската уметност имало и икони на фин шкрилец[44]). Меѓутоа, најважен за одбележување е фактот дека во Грција и Мала Азија имало стеатит и серпентин во изобилство[45]). И можеби фактот дека меѓу бројните византиски икони од благородни материјали не се споменати икони од непостојан и неблагороден камен, бидејќи таму има во изобилство серпентин и стеатит, укажува на можност дека оваа иконка не е од Грција или од Мала Азија. А од друга страна, можеби, токму овој едноставен и не скапоцен материјал укажува на можност провениенцијата на иконката да е домашна, односно од Македонија или барем најмалку провинциска.

Натаму, не треба да се изгуби од предвид дека самите димензии, можеби, укажуваат на можност за провениенција од ходочасничко место, бидејќи некои ходочаснички сувенири имаат мали димензии, како на пример ампулите од Монца или реликвијарните крстови од Светата земја[46]). Иако првата претпоставка за ходочасничко место би можела да биде усмерена кон Патмос, постојат сосема незнатни изгледи да се земе во обзир Патмос за место на провениенција на иконката. Имено, дури во 1088 година монахот Христодул го основал манастирот на св. Јован Теолог, и секако дека манастирот не почнал веднаш да биде ходочаствуван и да произведува сувенири. Тоа сè наспроти незанемарениот факт дека манастирот има вредни ракописи и постари од основувањето[47]).

При утврдувањето основи за провениенција на иконката треба да се земе во расмотрување и збирот на навистина значајни стилски особености на релјефот. Имено, веќе истакнатите стилски одлики на избор на тричетвртинска поза, достоинственост во ставот на св. Јован Теолог, потоа вонредно знаење во поставувањето на длабочински планови и особено фино и високо умешно компонирање на моделирани волумени не можат да се примат како изрази на еден провинциски скулптор, ами напротив на скулпотр чии знаења се формирани во столнинска средина, можеби во Цариград или најмалку во Солун. И затоа има место да се претпостави дека иконката може и да не биде провинциска, односно дека би можела да биде столнинска, цариградска или солунска.

Сумирајќи ги податоците од сите вакви истражувања за провениенцијата може да се формулираат три претпоставки. Најнапред судејќи според утврденото постоење на култ на св. Јован Теолог во Македонија и во другите провинции и според квалитетот на материјалот на иконката има место за претпоставка дека е иконката провинциска и можеби од Македонија и Просек. Натаму, судејќи според стилскиот приод во остварувањето на релјефните вредности може да се претпостави дека релјефот

---

[44]) O. M. Dalton, o. c., p. 239—242, f. 149, 150; Ch. Diehl, o. c., p. 671, 673, f. 330, 331; G. Schlumberger, Deux bas-reliefs byzantins de stéatite, Monuments Piot, IX, 1903.
[45]) O. M. Dalton, o. c., p. 239.
[46]) Ibidem, p. 623, 624.
[47]) N. Turchi, Encicl. Ital., XXV, 508, Patmo.

не е провинциски ами цариградски или солунски. И на крајот има место за уште една варијантна претпоставка. Судејќи според стилските вредности на релјефот возможно е скулпторот на иконката да учел и да ги формирал своите знаења на столнински примери и потоа ги репродуцирал во провинција, а една творба на таквата претпоставена активност е иконката на св. Јован Теолог. Која од овие претпоставки за провениенција има предност и која е поприфатлива останува отворено прашање.

*Рељефот на архангел Михаил од Охрид*



Сл. — Рељефна плоча со фигура на архангел Михаил.

Втората плоча со фигурата на архангел Михаил од Охрид, како е веќе споменато, е издвоена територијално, временски а и според стилски приод од сите особености на иконката на св. Јован Теолог. Но во светлината на околноста што нема наоди од фигурална пластика во Македонија, двете плочи се прикажуваат заедно иако не е ниту претпоставен обид за каква било стилска или инаква наспоредба меѓу нив.

Релљфот е најден 1940 година взидан во една куќа на Плаошник, највисокиот плато на Охрид, околу 500 метра далеку од Климентовата црква на Имарет[48]).

Плочата е скулптирана во сив варовник фрагментиран, речиси, правоаголно со димензии 26×46 см. На рељефот е претставена повеќе отполу фигурата на архангел Михаил, сл. 3, со абревиран натпис МІ во десниот агол. На најистакнатите делови рељефот е висок до 2 см., а зачуван е, изгледа, нешто повеќе од половината, што дава сериозна мож-

[48]) Релјефот го има откриено проф. Д. Коцо и зачувано за музејот. За податоците на најдувањето му благодарам на проф. Д. Коцо. Релјефот сега се наоѓа во збирката на Охридскиот музеј.

ност за реконструкција на делот кој недостига и којшто до денес не е откриен. При укажување на состојбата на рељефот за одбележување е и една тесна но длабока пукнатина во плочата, што оди од вратот на архангелот кон горниот дел на абревијацијата.

Архангелот Михаил е во облека блиска на најчестите претстави од XIV век, по периодот на антицизирани облеки од XI век. Неговата кошула со долги тесни ракави, tunica manicata, се гледа на долактицата на левата рака. Згорната облека dalmatica се гледа на широкиот покус ракав на левата рака, на градите и под појасот. На градите и преку рамото архангелот има, изгледа, оклоп од кожени (loros) или метални плочки како достоинственик или ратник. Има веројатност тој дел на градите и рамењата да се смета и за бродерија на далматиката или за декорација од скапоцени камења во техника cloisonée. Дел од облеката што се гледа надиплена под левата рака, околу појасот и надиплена префрлена преку десното рамо, најверојатно е кус химатион, а можеби и некој вид hlamys[49]).

Неговото лево крило, според димензии симболично мало, се разликува од други претстави со функционално големи крила. Прашањето за малите крила овде може да се разгледа и од друг аспект тесно поврзан со прашањето за способноста за летање, што ангелите ја имаат иконографски стекнато дури во претставите на IV век. Оттука може да се

---

[49]) H. Detzel, o. c., I, 131, 132, 134, 138—140, пишува за облеката на ангели и архангели. За облекото на ангелите и архангелите L. Réau, o. c., II, 33, 35, има изјаснето мислење. Тој, имено, вели дека бидејќи се ангелите чист дух, πνευμάτα, и бестелесни, ασώματοι, има токму затоа и тешкотии во нивното претставување. L. Réau продолжува: бидејќи чистотата на ангелите е неопетнена, првобитната христијанска уметност ги претставува облечени во долги бели туники — stolis amicti candidis, in vestibus albis. За да се подигне ангелското достоинство, им се става понекогаш тога опшиена со широка пурпурна панделка — toga laticlavia — како на римски сенатори. Во византиската уметност ангелите како големи достоинственици што го опкружуваат базилеусот носат оклоп од кожа или кожени парчиња — loros, lorica (lorica squamata — со плочки една над друга, A. Musić, Nacrt grčkih i rimskih starina, Zagreb 1942, str. 135) — и тенки чизми од пурпурна кожа. На Запад ангелите имаат туника со реси или дијаконска далматика. Разгледувајќи ја облеката L. Réau на стр. 47 и 48 вели дека иконографскиот тип на архангел Михаил во средните векови е разновиден. Во Византија тој носи пурпурен хламис или лорос како на императорскиот двор. Во претставите во западните цркви архангел Михаил е облечен најнапред во долга туника, потоа во долг панцир и со коњанички шлем. Несомнено дека облеката од византискиот двор и од императорската гарда има одредена врска со облеката во уметничките интерпретации. B. Köhler (Allgemeine Trachtenkunde, II Teil, Das Mittelalter, I Abteilung, Leipzig s. a., Universal Bibliothek, 4074, 4075, S. 32, 33, 47, 48), споменува од V век наваму една широка бордирна јака на туниката околу вратот и на градите, којашто подоцна станува самостојна и украсена со злато и скапоцени камења. Исто така споменува во Јустинијановата гарда граден а подоцна и подолг оклоп од кожа или метал. H. Detzel, o. c., I, S, 142, наведува дека во облека со оклоп е прв пат претставен архангел Михаил во фреските во S. Francesco во Assisi од Cimabue.

смета дека во сите периоди ќе биде позволено прилагодување на димензиите на крилата според можностите на просторот за претставување[50]).

Левата рака на архангелот свиткана пред градите во спокоен став, секако означува статичност а не акција, и тоа ќе биде од значење за поверодостојна реконструкција на делот што недостасува. Ликот претставува млад човек[51]) со бујна коса што му се спушта во плетенки до рамењата. Според иконографската установеност на најповеќето слични претстави, и овде е косата на архангел Михаил преврзана со панделка видлива и над челото и на краевите лево и десно од главата. Околу главата е ореолот сосема неупадливо означен со екскавирањѐ и делумно пластично моделирање. Рамот на кружниот медалјон е многу пластично скулптиран, за да ја оддели средишната претстава од бочните украси. Астрагалната низа отстапува од вообичаените облици, не само заради извесната биконичност на oleae ами повеќе заради lentes споени во една кружна гранула. Меѓу кружниот медалјон и астрагалната низа е рамка со едноставна плочеста профилација. Во аголот горе е веќе речената абревијација ΜΙ, а долу под медалјонската рамка е листеста стилизација.

Веќе споменав дека постои објективна можност за реконструирање на делот од плочата што недостасува. Сметам дека приказ на реконструирањето е на ова место дотолку понужен бидејќи сите натамошни испитувања на стилот, иконографијата и сите наспоредувања, како и истражувањата на проблемите ќе треба да се однесуваат за релјефот во целина.

Пред да се објасни реконструкцијата, сл. 4, веднаш треба да се подвлече фактот дека откриената релјефна плоча претставува повеќе од половината на поважниот дел, а тоа во голема мерка го олесни поставувањето на детали во реконструкцијата.

Најнапред пријдов кон реконструирање на натписот МІ. На релјефот се гледа над буквата М еден мал крак од буква, а таков крак делумно се назира, според трагите, и над буквата І. Малиот крак и другата назрена трага можат да бидат сметани само за левиот и десниот долен дел од хастите што се пресекуваат во буквата Х. Во прилог на реконстуирање на овие остатоци и траги во буква Х зборуваат следните податоци и индикации. Прво, во грчкиот алфабет нема друга буква, осем Х, што во долниот дел завршува вака со од пресек раздвоени хасти. Второ, покрај овие остатоци нема простор за развивање обликот

---

[50]) Во Стариот завет не се споменуваат крила на ангелите. Во сонот на Јакова ангелите имаат потреба од скали за да слезат од небо и да се качат повтор на него. Тоа значи дека немале крила за летање. Идејата за ангели што летаат се јавува во подоцниот јудеизам. Во сушност христијанската уметност почнала да ги претставува ангелите како млади луѓе без крила ἄπτερες. Дури во IV век, во мозаиците на апсидата во Santa Pudenziana за првпат се гледа ангел со крила. Пророчките визии за херувими и серафими одговараат на улогата на небесни гласници (според L. Réau, o. c., II, p. 36).

[51]) L. Réau, o. c., II, p. 34, наведува дека меѓу разновидните претстави на ангели има и претстави на деца и ефеби, безбради и русокоси.




Сл. 4. — Реконструкција на целата рељефна плоча со фигурата на архангел Михаил.

на друга буква. Трето, само за архангел Михаил постои абревијација $\overset{\times}{\mathrm{MI}}$, и на крајот, таквата абревијација $\overset{\times}{\mathrm{MI}}$ е, речиси, во исклучива употреба. Така абревијацијата $\overset{\times}{\mathrm{MI}}$ ќе се чита Μιχαιλ. По ова беше едноставно продолжена хоризонталната и вертикалната линија на горниот и бочниот раб до спојот во горниот десен агол.

Потоа пристапив кон реконструирање на долниот десен агол. При ова реконструирање настојував да ја спуштам линијата на плочестата рамка што е поставена меѓу кружниот медалјон и астрагалната низа, удолу напоредно со спуштањето на астрагалната низа. Мерката на спуштањето удолу беше регулирана од елементите на астрагалната низа, и тоа така што оlеае и гранулите, при исти димензии како горе,

требаа бездруго да завршат со гранула, која единствено може да се постави на агол, за да може да се сврти астрагалната низа в лево. Имајќи го овој регулаторен детаљ, ја продолжив на ист начин и астрагалната низа под релјефот до средишната гранула под имагинарната средина на релјефот. Исто така под релјефот ја продолжив и плочестата рамка, на исто растојание од астрагалната низа и од листестата стилизација. Кога потоа ја продолжив хоризонталната и вертикалната линија на долниот и бочниот раб и во спојот се доби долниот десен агол, можеше да се смета дека половината од релјефната плоча е реконструирана.

Во натамошното реконструирање се утврди дека кружната рамка навистина претставува правилен круг и тогаш се фиксира неговиот центар. Поставувајќи една проекциона линија низ претпоставените центри на ореолот, главата, кружниот медалјон и гранулата од долната астрагална низа се доби линијата на претпоставената симетрична поделба. При сигурно претпоставена симетричност реконструирани се потоа на левата половина горниот, бочниот и долниот раб, а внатре бочната и долна низа астрагали, бочна и долна плочеста рамка и левиот дел од кружниот медалјон, како и листестата стилизација лево долу. Десното крило и десната страна од телото на архангел Михаил се реконструирани аналогно на левата страна на овие делови. Десната страна со меч е реконструирана како што е кај архангел Михаил од св. Софија во Охрид, каде што е со левата рака на гради а десната со мирно кренат меч (princeps militiae coelestis). Меѓу повеќето варијанти оваа е единствена можна реконструкција, бидејќи за реконстриурање со други атрибути, на пример вага или копје не би имало место. Имено, ако би бил реконструиран во десната рака атрибутот вагата за мерење на душите таквата би требало да биде поставена така што еден нејзин тас би се видел на зачуваната страна од релјефот, а бидејќи на зачуваната страна такво нешто нема, можноста за реконструирање со вага е сосема исклучена. За поставување на копје во десната рака такуѓере нема место во кружниот медалјон, бидејќи копјето и во горниот и во долниот дел би морало да биде пресечено, според дипозицијата на дополу раст фигурата на архангелот. Осем тоа, најчесто, пандан на копја архангел Михаил држи во левата рака кристална кугла. Според ова, значи, преостанува како прва и најприфатлива реконструкцијата со кренат меч[52]).

Во левиот простор симетрично на натписот од десната страна, реконструиран е првиот дел од натписот со хиерархискиот ангелски чин на Михаил 'О Αρκχαγγελ во абревијација ͻ ἀρ̃χ како што се најчести изведените натписи другаде. Така двете реконстриурани абревијации би требало да се читаат, 'О Αρκχαγγελ Μιχαιλ.

[52]) H. Detzel, o. c., I, S. 142. Според L. Réau, o. c., II, p. 47, оружјата на архангел Михаил се копје или пламенен меч. Во левата рака понекогаш држи кристална кугла. Кога има штит на него се чита натпис: Quius ut Deus. Како и св. Јаков тој има за атрибут и школки заради морското ходочастење на Mont-Saint-Michel. Пластронот на неговиот оклоп изгледа понекогаш како школка. Во мозаикот од триумфалната арка од San Apollinare in Classe архангелот држи во раката едно долго копје на коешто е табличка со трипати повторен извик: Αγιος, Αγιος, Αγιος.

Стилските особености на овој рељеф се чинат недостатно нагласени поради тоа што рељефот изгледа во извесна мерка како недоработен. Но и покрај тоа извесни одлики можат да се уочат. Така на пример, иако би можело да се рече дека пропорциите и ставот на телото и држењето на левата рака се анатомски верни, реалистичноста не е постигната и таа сосема исчезнува кај претставувањето на нефункционалните дипли од облеката на телото, особено на префрлениот крај од хламисот и сумарно предадените коса и лице. Сепак треба да биде одбележано дека скулпторот, макар и незнатно, ја дистингвирал материјата на далматиката на ракавот, којшто е широко надиплен, од tunica manicata, каде што е ракавот без диплење тесно прилепен до долактицата. Од друга страна може да се рече дека со помалку успех е предаден градниот оклоп, кој место да дава впечаток на листови може да се смета и за бродерија со скапоцени камења. Само фактот дека архангел Михаил во вонредно ретки претстави имал бродерија и фактот дека е во средината на градите и на рамењата заштитата продолжена и подолу, укажува на можност таа стилизација да се смета за листест оклоп.

И покрај претпоставената извесна недоработеност на релјефот, скулпторот постигнал вистинска претстава на млад човек со обла брада и образи, со гладок врат и бујна коса. Впрочем, претставите на сите девет видови ангели[53]) се секогаш млади. Младото лице на архангелот според отсуството на груба осатура и јаки црти изгледа нежно како женско лице иако поставено на машка става[54]).

Рељефот е во сите делови работен во техника на екскавирање, без доработување на површините и деталите, речиси, во една рамнина, со мали отстапувања негде-годе. Само на малку места се води извесна сметка за диференцирање на нијансите на длабочинските планови: кај вратот меѓу брадата и градите, кај туника маниката на левиот ракав, којшто влегува во ракавот од далматиката и кај левото рамо, зад кое е поставено крилото. Во исто време очите, носот и устата се само инцизирани. Наспроти оваа недовршеност во деловите на фигурата треба да се одбележи знаечкото компонирање на репрезентативниот став и сигурниот цртеж при изведба на бордирните детали: раб, натпис, вегетативна стилизација, медалјонската рамка и астрагална низа.

Архангел Михаил не е изобразуван многу често во пластиката, но тогаш кога е претставуван неговиот лик е секогаш млад и близок на установениот иконографски тип. Таков лик има и на оние филдишни плочи, редовно постари, што се скулптирани во инаква техника и стил а архангелот претставен во разновидни стојки, и облечен во антикна

---

[53]) H. Detzel, o. c., I, S. 131—142 и L. Réau, o. c., II, p. 30—44, наведувајќи ги деветте ангелски редови ги објаснуват нивните особини на млади небесни помошници.

[54]) В сушност, според L. Réau, o. c., II, p. 34, претстави на жени ангели има дури од XV век. L. Réau во нота додава дека се верува оти може да се препознае жена во архангелот Михаил во една француска минијатура од XV век, што го украсува Статутот на Редот на архангел Михаил. Ова сево би требало да се прими со определена резерва, особено затоа што кај архангел Михаил се работи за војсководач по предимство.

облека. На пример, еден архангел од V век од Британскиот музеј[55]) е облечен во хитон и химатион, римски сандали, косата му се преврзана со панделка на римски начин, а има скиптар и кугла. Еден архангел од IX век од лајпцишката библиотека[56]), иако е близок на основните одлики на претходниот рељеф, има веќе на облеката нешто бродерија. Иако подоцнешен, од XII век, еден рељеф на архангел Михаил во Британскиот музеј[57]) ги има уште во облеката одликите на постарите антицизирани претстави. Архангелот Михаил од живописот на малоазиската крипта на св. Јован од Кафаро, од X—XII век, е облечен во бродирана далматика, наметнат со бродиран хламис, со кугла и копје во рацете и големи крила[58]). Инаку и поранешениот, во X век приближно датиран, метален и емајлиран капак за книга од трезорот на св. Марко, има фигура на архангел Михаил со меч и кугла, облечен во бродирана облека[59]). Архангелот Михаил од рељефот во Волос во Тесалија, датиран во XII век, со левата рака пред телото и копје во десната, е облечен во антична облека, а изгледа и со некаков појас[60]). Во далматика е облечен архангел Михаил на Pala d'oro од олтарот на св. Марко, од XII век[61]). Во античен химатион со кристална кугла, со мали тенки крилја и коса преврзана со панделка е емајлниот архангел Михаил од XII век од Белградскиот музеј[62]).

И во живописот е, изгледа, како во Панагија Агелоктисос од IX—X век блиско интерпретирање на облеклото на архангел Михаил како на релјефот[63]). Архангел Михаил од живописот на св. Софија од XI век ја има левата рака на гради а во десната има дигнат меч. Архангелот Михаил од Нерези е со меч и ротулус во рацете. Архангел Михаил од живописот на црквата во Лесново е на коњ, облечен во оклоп и облека со ракави, со кренат меч во раката и со големи крила[64]). Во слична облека со ракави и со оклоп на горниот дел на градите и со левата рака пред телото а во десната рака кренат меч има архангел Михаил од црквата во Ариље[65]). Во антична облека, со големи крила, со копје и кристална кугла е архангел Михаил од св. Софија од Цариград[66]).

---

[55]) W. F. Volbach, Elfenbeinarbeiten der Spätantike und des frühen Mittelalters, Mainz 1952, T. 32/109, S. 57.

[56]) Ibidem, T. 61/222, S. 96.

[57]) O. M. Dalton, o. c., f. 134.

[58]) Ibidem, f. 165.

[59]) Ibidem, f. 306.

[60]) S. Bettini, La scultura bizantina, Vol. II, s. a., f. p. 35.

[61]) L. Bréhier, o. c., f. 73.

[62]) M. Kašanin, o. c., f. 13.

[63]) L. Bréhier. o. c., f. 77.

[64]) M. Kašanin, o. c., f. 64. Архангел Михаил тука отепува змев. H. Detzel, o. c., I, S. 142, наведува дека во извесни сцени архангел Михаил го настапува змевот под нозете и го прободува со копјето; инаку архангел Михаил може да се види и во претстави во борба со седмоглав змев.

Draconis hic dirum caput — Ducemque cum rebellibus
In Ima pellit tartara, — Coelesti ab arce fulminant.

[65]) V. Petković, La peinture serbe du Moyen - âge, Beograd 1930—1934, P. 1, 2, Musée d'histoire de l'art, Monuments serbes, Vol. 6, 7.

[66]) Ch. Diehl, o. c., f. 74.

Со еднаква важност како иконката на св. Јован Теолог, и рељефот на архангел Михаил отвора неколку битни прашања. Одговорите на прашањата за датирање на релјефот, за провениенцијата, за неговата намена, за нарачувачот, за зградата и за местото каде што бил поставен, би биле од значење за одредување на местото на овој рељеф меѓу македонската пластика и во македонската уметност.

Меѓутоа со незгодни околности, положбата со второстепените индикации што би спомогнале за датирање на рељефот е еднаква како со иконката на св. Јован Теолог. Куќата на Плаошник, каде што била рељефната плоча откриена, нема со плочата никаква врска, и сосема е сигурно дека рељефната плоча била поставена во куќата на Плаошник како сполија, или дури и како случајно откриен материјал во секундарна, терцијарна или можеби и повеќе пати повторена употреба. Со ова се сосема намалени можностите за посредно, компарирано датирање на рељефната плоча. Од друга страна ни во зидовите на куќата ни околу неа не можеа да бидат откриени други предмети, што би спомогнале за хронолошкото одредување. Затоа оваа рељефна плоча останува како исклучив извор за утврдување одговори за сите отворени прашања.

При стилското оценување на рељефната плоча беше веќе констатирана извесна недовршеност на рељефот во целина и во некои детали, што ги осиромашува стилските одлики така што не може врз нив да се потпре датирање со поголема точност. Затоа останува да се претпостави датирање обосновено врз посредни компоненти со релативна вредност.

Првата индикација за релативно датирање би била облеката на архангелот. Фактот дека облеката не е античен химатион, како во споменатиот постар рељеф на архангел Михаил, ами облека со ракави, далматика, веќе укажува на можност датирањето на рељефната плоча да не се бара ниту во V—VI век, ниту во XI—XII век, ами во периодот на напуштањето на античната облека во претставите, односно можеби во крајот на XIII и почетокот на XIV век. Од друга страна треба да се сврти вниманието и на оклопот на градите на архангел Михаил, бидејќи со право може да се очекува дека токму во XIV век архангел Михаил ќе биде облечен со склоп како свет ратник во борба против нехристијаните.

Несомнено е дека астрагалната низа зборува доста извесно за времето па и за местото каде што е интерпретирана. Нејзината потполна откинатост од античните узори на oleae и две — или три — lentes, укажува на временската оддалеченост од античните узори а истовремено можеби и на карактерот на провинциското интерпретирање на овој античен мотив. И штом оваа астрагална низа, со вакво модифицирање на oleae во биконични форми и на lentes во топчиња не би можела да се смета за пластика од V—VI век ниту за реинтерпретација на XI—XII век, тогаш е прва нормална претпоставка датирањето на рељефната плоча, според астрагалната низа да се бара во крајот на XIII или во почетокот на XIV век.

Сумирајќи ги констатираните особености на облеката и на оклопот на архангел Михаил, потоа модифицираната астрагална низа, како

и стилот на рељефната плоча, може пред сѐ да се претпостави едно одредување на рељефната плоча во XIII—XIV век.

Второто прашање чиј одговор би бил важен за фиксирање на местото на рељефната плоча во историјата на македонската пластика и уметност е прашањето за нејзината провениенција. Потребно е да се одговори на прашањето дали рељефната плоча е работена во домашна работилница од местен мајстор, или постојат индикации дека е творба на мајстор надвор од Македонија и претставува импортиран предмет. Токму затоа дека недовршеноста на рељефот навестува провинциска провениенција потребно е таа да биде утврдена со поголема сигурност и во врска со стварните рамки на рашireноста на култот на архангел Михаил во Македонија.

Во Македонија нема споменици посветени исклучиво на архангел Михаил, но затоа постои раширен култ на архангел Михаил поврзан со култот на архангел Гаврил. Само на овие два архангели, на Михаил и Гаврил, а не на скупот со останатите архангели[67]), им се посветени црквата во Асамати, која има само подоцнешен живопис, потоа црквата св. Архангели во Ваташа, што била приложена 1378 година, потоа црквата св. Архангели кај Велес, што е приложена 1348 година, црквата во Лесново, подигната 1341 година, и манастирот св. Архангели во Прилеп од XIV век[68]).

И во Србија црквите на св. Архангели во Призренска Бистрица и на св. Архангели во Јелашци се од XIV век[69]).

Најблискиот заклучок, по ова, сам се наметнува со својата засснованост и оправданост. Имено, очигледно е дека сите цркви посветени на архангелите во Македонија, оттука и на архангел Михаил, се од XIV век. Можеби затоа е можно според ова да се оцени дека раширеноста на култот на архангел Михаил е најголема во XIV век, а тоа оди во прилог на претпоставката датирањето на релјефната плоча да се бара во XIV век. Секако дека е сосема умесно логички најблиското објаснување за ваквата зачестеност на спомениците токму во XIV век, да се најде во фактот дека архангел Михаил е водач на ангелската војска во борба против демонот. Тогаш не е тешко да се конвертира архангел Михаил во патрон и водач на христијаните против нехристијаните, против османскиот освојувач.

---

[67]) H. Detzel, o. c., I, S. 142. Според L. Réau, o. c., II, 42, 43, вонредно ретко можат да се сретнат претставени сите девет архангели заедно. (Деветте архангели, со теофорични имиња што свршуваат на ел, што значи господ, спаѓаат во осмиот ред ангели. Michael victoriosus, princeps militiae coelestis, pugnat cum dracone. Gabriel nuntius, ad Mariam missus. Raphael medicus, Tobiae oculos sanavit. Uriel fortis socius. Barachiel (Malthiel) adjutor. Jehudiel remunerator. Sealtiel (Zeadkiel) orator. Peliel. Raziel). Инаку можат да бидат заедно Михаил, Гаврил и Рафаел, наречени Σιναζις τον αρχαγγελον. Изгледа дека архангел Михаил е најзначајниот меѓу архангелите (Мих-а-ел на хебрејски е: кој е како бог) бидејќи кај Данило, X, 13 и Откровение, XII, 7, се вели „кој е како бог”, „кој е рамен на бога”.

[68]) В. Петковић, Преглед црквених споменика кроз повесницу српскога народа Београд 1950, стр. 9, 169, 264.

[69]) Ibidem, стр. 10.

Од друга страна за одбележување е дека ниту во Македонија ниту во Србија нема цркви посветени на архангелите во периодот на XI—XII век, осем во Јужно Поморие[70]), што е значајно за одговорот дека во овој период изгледа не бил многу раширен култот на архангел Михаил, та и датирањето на плочата не би требало да се бара во тој поран период.

Извесно е дека почетоците на култот на архангел Михаил се наоѓале на хелинизираниот ориент, бидејќи тука се наоѓаат неговите први светилишта. Во почетокот на IV век на архангел Михаил му е посветена една црква во Александрија. Се смета, натаму, дека има триесетина светилишта посветени на архистратигот во Цариград и предградијата и во неговата блиска околина[71]).

Култот на архангел Михаил е многу раширен во западните земји[72]). Според L. Réau култот на архангел Михаил започнува од 492 година[73]) и постојано се засилува во периодот од VI век наваму. Светилиштата и црквите во Италија, Франција, Белгија, во Германија и Англија[74]) посветени на архангел Михаил се доста бројни.

Секако не е без значење да се расмотри и распространетоста на името Михаил меѓу византиските императори и во однос на почетокот на јавувањето и на најголемата зачестеност и престанокот на јавувањето. Ова е од значење бидејќи е познато дека имињата на владарите биле често давани на голем број новородени, не само во средните векови ами и во современиот свет се до половината на XX век, а тоа е посреден указател на започнувањето култот на светецот, на зачестеност, рашереност и траење. Констатација до која без сомневање се доаѓа[75]) е дека во

---

[70]) Ibidem, стр. 311, св. Михаило Стонски, кој што е од XI век.

[71]) L. Réau, o. c., II, p. 44; R. Janin, Les sanctuaires byzantins de Saint Michel, Echos d'Orient, 1934.

[72]) L. Réau, o. c., II, p. 44—46. Во западните земји култот на архангел Михаил го има заменето култот на паганското божество Меркур, Hermes psychopompe. Оттука едно ритче во Вандеја и денес уште се наречува Saint-Michel-Mont-Mercure, а во Годесберг близу до Келн една капела на архангел Михаил заместува еден храм на Меркуриј.

[73]) L. Réau, o. c., II, 44—46. Според O. Rojdestvensky, Le culte de Saint Michel et le Moyen-âge, Paris 1922. Во 492 година архангелот Михаил се појавил на Монте Гаргано во Апулија. Според Легенда Ауреа оваа ангелофанија има накусо вакви компоненти. Извесниот Гарганус впуштил стрела по еден бик што бегал во една пештера, но стрелата наместо да го погоди бикот му се вратила назад. Епископот на Сипонтум (Манфредонија), изненаден од ова чудо, наредил тридневно постење на крајот на кое се појавил архангелот Михаил на влезот на пештерата и изјавил дека оваа пештера ќе биде во иднина негово светиште. Легендата за бикот е еднаков основ и за постанокот на светилиштето Mont - Saint - Michel во Нормандија. Таму архангелот му се јавил на S. Aubert, епископ на Avranche, и му наредил да му посвети една црква на местото каде што ќе најде еден бик сокриен од крадци. Криптата посветена во 709 година ја претставувала верно пештерата од Монте Гаргано. И инаку Mont – Saint – Michel во средните векови во Франција се наречувал „Michiel de Gargan".

[74]) L. Réau, o. c., II, p. 45. Црквата San Michele-in-Affricisco во Равена е посветена во 546 година. Во Рим (папата св. Григориј Велики видел како се појавува по една епидемија од чума, над Хардијановиот мавзолеј, архангелот што го бришел својот крвав меч и го враќал во канијата. Папата му ја посветил) капелата во Castello Sant Angello. Според примерот на Равена, Ломбардците му посветиле на архангел Михаил базилики во Павија и Монца. Во Франција, 709 година, контот Вулфоалд донел во

сите периоди од IX век наваму во Византија е застапено името на архангелот Михаил меѓу византиските императори со еднаква зачестеност. Во сите византиски династии од Амориска, Македонска, Дука, Комнени, Ангели и Ласкариси до Палеолози има владари со име Михаил, а тоа значи дека еднакво го почитуваат името на архангелот Михаил.

Несомнено дека за одредување на провениенцијата на релјефната плоча може многу да придонесе и одговорот напрашањето кој би можел да биде нарачувач, односно подарувач, и за каква цел е подарена релјефната плоча, затоа што е возможно таа да има вотивен карактер[76]). За расветлување на ова прашање од несомнено значење е патронатот на архангелот Михаил.

Според L. Réau во западната црква патронатот на архангел Михаил се темели врз некои особености на неговите дејствувања како архангел[77]). Веќе е речено дека бил патрон на еснафите на погребувачите, што е во врска со неговиот патронат над мртвите, и со неговото посредништво во Страшниот суд или како мерач на душите на умрените.Другите негови патронати имаат повеќе иконографско потекло и произлегуваат од неговите атрибути: од неговиот меч или од неговата вага. Така неговата ратничка опрема, неговиот оклоп и мечот му го донесуваат патронатот над мечувалци, мајстори на оружје, чистачи на оружје, а исто така и на позлатувачи, бидејќи неговиот оклоп бил позлатен.

---

Saint-Michel во Диоцезата во Верден реликвии од Монте Гаргано. Во 792 година посветена му е на архангел Михаил „воздушна капела" во Saint-Michel d'Aiguilhe, vo Puy-en-Velay, на врвот на една базалтна стена. Во Roussillon, Источни Пиринеи, е опатијата Saint Michel-de-Cuixa. Во Poitou, близу до Luçon, се издига опатијата Saint-Michel-en-l'Herm. За раширеноста на култот на архангел Михаил во Франција може да се додаде уште дека кралoвите Шарл VI, Шарл VII и Луј XI оделе на ходочасништво во Mont - Saint - Michel, а Луј XI основал во 1469 година Витешки ред на архангел Михаил, L'ordre de chevalerie de Saint Michel. Архангелот Михаил е заштитник на Bruxelles, каде што тој го дели патронатот со Ste Gudule и патронатот над црквата Collégiale. Во Германија тој бил особено почитуван во Баварија. Црквата на Језуитите во Минхен му е посветена нему, како и црквата во Berg - am - Laim. Во Англија во Корнуел има такуѓере една црква посветена на архангел Михаил.

[75]) Меѓу византиските императори името Михаил се појавува со следниот ред. Најнапред Михаил I Рангабе (811—813), потоа Михаил II (820—829), Михаил III (842—867), Михаил IV (1034—1041), Михаил V (1041—1042), Михаил VI (1056—1057), Михаил VII Дука (1071—1078), Михаил VIII Палеолог (1261—1282), Михаил IX Палеолог, совладар на Андроник II (1294—1320), Михаил I Ангел, епирски деспот (1204—1215), Михаил II Ангел, епирски деспот (1237—1271). Според Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959.

[76]) Може да се смета дека побудите на тој што ја нарачал или ја подарил рељефната плоча во секој случај се темелат врз благодарност кон архангелот Михаил, како кон патрон над извесни дејности или за посредување или излекување. Со други зборови, рељефната плоча можела да биде вотирана од лице благодарно на архангелот Михаил за успешно обавена работа или за успех во идна работа или за успешно лекување.

[77]) L. Réau, o. c., II, p. 46. Во култот архангел Михаил фунгира како мерач на душите, како уништител на сараценската флота, како лечител на седум лепрозни младинци и еден демоничен монах. Архангел Михаил заштитил тројца млади Евреи од фурната и спасил една жена со дете во морето меѓу Mont-Saint-Michel и брегот. Покрај ова H. Detzel, o. c., I, S. 141, 142, наведува дека архангел Михаил е ангел на моќната помош и патрон на тие што умираат.

Заради вагата на Страшниот суд, тој ги патронира сите занаети што се служат со вага: слаткари, апотекари, бакали, ситничари, кантарџии на жито и одделно бањаџии[78]).

Патронатот на архангел Михаил во источната црква во времето околу XIV век, како и подоцна во турскиот период е непознат[79]). Но и покрај ова е возможно да се претпостави дека вотатор можел да биде некој од занаетчиите или малите трговци ситничари што го почитувал култот на архангел Михаил како и оние од западната црква.

Одејќи натаму во изнајдувањето одговори на поставените други прашања може да се каже дека иако е рељефната плоча најдена взидана во зграда, нејзиното првобитно место не треба да се бара надалеку. Возможно е да се претпостави дека рељефната плоча потекнува од некоја гробна капела, од можни гробишта на тој висок плато[80]). А бидејќи е познато дека архагнел Михаил добивал светилишта на највисоки места[81]), возможно е да постоела и некоја самостојна капела на тоа највисоко место на градот, на којашто и припаѓала оваа рељефна плоча.

---

[78]) Патрон на бањаџии станал архангел Михаил затоа што во сцената мерењето на душите од архангел Михаил се гледаат малите фигури што ги симболизираат душите нурнати во тасовите на вагата како во кади за капење.

[79]) Истражувањата, што беа извршени и за патронатите на архангел Михаил, низ документите на некои научни установи и по пат на анкетирање на занаетчии и други, спомогнаа да се констатира следното. Не постојат извори со автетични податоци за раширената разновидност на патронатот на архангел Михаил во Византија и во Македонија за периодот на средните векови и за турскиот период. Потоа, не треба да биде занемарен фактот дека извесни занаети исчезнале а други дејности не се патронирани од архангел Михаил. И инаку, и да беа сигурно познати не само сегашните ами и средновековните патронати на архангел Михаил, тешко ќе биде да се погоди најприфатливата претпоставка за вотаторот.

[80]) Култот на архангел Михаил според L. Réau, o. c., II, p. 46, бил често локализиран и во гробните капели. Тоа е заради улогата на архангелот како мерач на душите во Страшниот суд и заради неговото посредување што беше призивано на гробиштата. Костурниците имаа една капела посветена на архангел Михаил. Оние од Cimetiere-des-Inocents и od Saint-Martin-des-Champs во Париз се исчезнати, но меѓу светиилштата од овој род што уште постојат може да се наведе црквата на архангел Михаил во Бордо градена врз една стара некропола чија што земја имала својство да ги мумифицира лешовите. Братсвата заветувани за сохранување на мртви го одбирале многу радо за патрон. (Бројните цркви или капели посветени на архангел Михаил се декорирани со сцената Страшен суд. Таков е примерот со San Angelo in Formis, близу до Капуа, и со капелата од Бургфелден во Швабија).

[81]) L. Réau, o. c., II, p. 46. Големиот број светилишта на архангел Михаил во средните векови се поставени на врвови — in summitate: Монте Гаргано, Mont-Saint-Michel, Aiguilhe de Puy. Во црквите каде што му е посветена капела, тоа е главно една гробна капела уредена на катот на трибините првенствено над предверието или над нартекстот (J. Vallery-Radot, Note sur les chapelles hautes dédiées à Saint Michel, Bull. Mon., 1929; P. Verzone, Les églises du haut Moyen-âge et le culte des anges, 1953). Архангелот Михаил бил почитуван како особен чувар на портата на светилиштата, задолжен да го забрани со својот исукан меч влегувањето на демонот. Таков бил случајот некогаш во каролиншката опатија на Saint-Riquier во Пикардија и во опатијата во Cluny. За тоа можат да се видат уште примери во Saint-Philibert od Tournus, во Saint-Benoit-sur-Loire и во трибине на Semur-en-Brionnais. Горната капела од Castello Sant Angello се наречувала Sant Angelus inter nubes. Честопати по една фигура на архангелот Михаил ги завршувала стрелите на камбанариите. По ова може, значи, да се зборува за еден воздушен култ на архангелот Михаил, аналогно на оној на пророкот Елија што бил почитуван такуѓере „in excelsis".

Исто така е можно во некоја капела посветена на друг светец, на архангел Михаил да му бил посветен рељефот заради високото место. Во секој случај постојат сериозни разлози првобитното место на рељефната плоча да било на Плаошник во некоја сакрална зграда, црква или капела. Намената, пак, на зградата или на рељефната плоча била да предварди од сатана, или како праведен мерач на душите или како посредник во Страшниот суд или како патрон на вотаторот.

Имајќи ги предвид сите околности на најдувањето, потоа врските со атрибутите, стилскиот период во скулптирањето и особеностите на облеката на архангелот, би можело да се претпостави со веројатност дека провениенцијата на оваа рељефна плоча на архангел Михаил треба да се бара во Охрид и тоа секако најдоцна до 1334 година. Тоа е времето на крајот на византиското владеење во Охирд и таа година треба да се земе како terminus post quem non, што е во најтесна врска со грчкиот алфабет на натписот.

*Konstantin Petrov*

## DEUX RELIEFS FIGURATIFS DU MOYEN ÂGE EN MACÉDOINE


### *RÉSUMÉ*

Parmi la décoration plastique en Macédoine il n'y a pas de représentations de figures humaines, à l'exception du relief endommagé d'un saint au milieu de la frise sur la porte septentrionale de Ste Sophie à Ochride et des têtes des chapiteaux du parapet de l'autel à St Atanasse de Lešok. C'est pourquoi les deux reliefs figuratifs excitent l'interêt et, malgré qu'ils soient separés par leur style, par leur temps et par le territoire ils sont ici représentés ensemble.

L'icone de St Jean Théologien fut decouverte en 1952 à Demir Kapija et maintenant elle se trouve au Musée archéologique à Skopje. Sur l'icone, avec dimensions 65×55×8 mm., est sculptée la figure du saint jusqu'à la moitié, en relief de 9 mm., avec 'l' inscription (4) Γ́ ΙѠ̄Ι Ὸ ΘΕΟΛΟΓ и 'Ο "Αγι(ο)ς 'Ιω(άνν)ι(ς) ὁ Θεόλογ(ο)ς fig. 1 et 2.

À la représentation de manière réaliste d'un vieillard est ajouté un modelage des plans de la profondeur plastique. Dans la comparaison iconographique est exposée l'opinion que pour St Jean Théologien n'existent pas seulement deux types de la figure: jeune apôtre et vieux évangéliste, mais aussi les nombreuses variantes entre ces deux âges. La face de St Jean Théologien a aproximativement les traits individuels du saint des autres représentations: un fort nez, un haut front et des grands yeux.

À juger d'après l'antiquisation du vêtement, qu'on rencontre particulièrement dans la renaissance de l'art byzantin du XI-e — XII-e siècle, et d'après la fréquence de l'abréviation (4) pour 'Ο "Αγιος, qu'on remarque aussi

au X-e et XII-e siècle, et particulièrement souvent au XI-e siècle, on peut supposer la datation de l'icone au XI-e siècle, mais avec la possibilité d'une retraite du X-e au XII-e siècle. Cette datation supposée renforce aussi la circonstance que Demir Kapija au XI-e siècle — Prosek (τὸν Πρόσακον) était la possesion de l'archevêque de Meglen avec de serfs, et que dans ce temps à Demir Kapija existait une habitation de laquelle furent decouverts plusieurs tombeaux du moyen âge.

Em même temps n'est pas négligé aussi le fait que le traitement du style en réalisation du relief de St Jean Théologien, sans un linéarisme indique peut être aussi la supposition d'une datation un peu plus tard.

On peut dire que malgré une extension du culte de St Jean Théologien Macédoine pas grande, et malgré un developpement non constaté du patronage de St Jean Théologien en Macédoine du XI siècle, il est possible de supposer que le donateur de cette icone fût quelqu'un qui estimait le culte de St Jean Théologien.

En résoudre la question de la provenance de l'icone sont pris en considération même les petites dimensions qui indiquent peut être à un souvenir de lieu de pèlerinage, même la matière inoble qui indique d'abord à la province. Dans le même sens sont pris et les caractéristiques de traitement du style. Résumant les données de toutes ces récherches on peut formuler trois suppositions pour la provenance de l'icone. D'abord, jugeant d'après l'existence du culte de St Jean Théologien en Macédoine, et dans les autres provinces, et d'après la qualité de la matière de l'icone, il y a la place pour la supposition que l'icone est provinciale et peut être de Macédoine et Prosek. Mais ensuite, jugeant d'après le traitement du style en réalisation des valeurs plastiques, on peut supposer aussi que l'icone n'est pas provinciale mais de Constatinople ou de Thessalonique. Et, à la fin, il y a la place encore pour une supposition comme variante. Jugeant d'après les valeurs du style du relief il est possible de dire que le sculpteur de l'icone avait formé peut être ses conceptions sur les exemples de la ville principale et puis il les reproduisait en province, et une oeuvre de telle activité supposée est l'icone de St Jean Théologien. Quelle supposition pour la provenance a l'avantage et laquelle est plus acceptable reste la question ouverte.

L'autre relief avec la représentation de l' archange Michel est découvert en 1940 muré dans une maison de Plaošnik à Ochride. Ce relief se trouve maintenant dans la collection du Musée d'Ochride.

Sur une dalle de calcaire gris, avec dimensions 26×46×4 cm., est sculptée plus de la moitié la figure d'archange Michel, en relief d'hauteur de 2 cm., fig. 3. D'après la partie conservée de la dalle on peut supposer la récon-struction de tout le relief, fig. 4, et des abréviations qu' on lit, $\overset{\chi}{\mathrm{M}}\mathrm{I}$ relativement ʽO Αρκχαγγελ Μιχαιλ.

Cherchant la réponse sur le problème de la datation du relief sont pris en considération les details du vêtement et de la cuirasse d'archange Michel, qui indiquent la possibilité de chercher la datation particulièrement au XIV siècle, au temps quand l'archange est représenté comme un saint guerrier en lutte contre les non-chrétiens. Vers un éloignement des exemples,

c'est-à-dire vers une datation au XIII—XIV siècle indique aussi l'interprétation modifiée de la rangée des astragales. Résumant les caractéristiques constatées au vêtement et à la cuirasse d'archange Michel, et puis la rangée modifiée des astragales, le style de la dalle scuptée et l'extension du culte d'archange Michel du XIV siècle, on peut d'abord supposer une datation au XIII—XIV siècle.

Pour résoudre la question de provenance, peut aider aussi le fait de l'extension du culte d'archange Michel, qui indique la possibilité que le donateur pouvait être de Macédoine. On peut ajouter aussi que l'imperfection du style indique la provenance provinciale.

On peut chercher le lieu primitif de la dalle sculptée près du lie u de decouverte, peut être dans quelque chapelle tombale patronée de l'archange, comme un protecteur contre le satan, ou comme intermédiaire devant le Jugement dernier, ou comme patron du donateur. En même temps il est opportun de supposer l'existence d'une chapelle independante à Plaošnik, le plus haut plateau de la ville, à laquelle appartenait cette dalle sculptée, parce que l'archange Michel était estimé in excelsis. Il est possible, ensuite, que le relief d'archange Michel fût posé dans une chapelle, dediée à un autre saint, à cause du haut lieu de la chapelle.

Ayant en considération toutes les circonstances decouvertes, puis les liaisons avec des attributs et surtout le traitement du style en sculpture, on peut avec probabilité supposer qu'il faut chercher la provenance de cette dalle sculptée à Ochrid et certainemant au plus tard jusqu'eu 1334.